# APPLICATION OF OFFSET ARRANGEMENTS IN THE PROCUREMENT OF ARMAMENT AND MILITARY EQUIPMENT FOR THE ARMY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Petar Bogojeski**
University for Peace (UPEACE) United Nations, New York, USA, petar.bogojeski@unu.edu
pbogojeski@gmail.com

**Abstract:** This research paper investigates the strategic application of offset arrangements in the procurement and modernization of armament and military equipment for the Army of the Republic of Macedonia (ARM), reflecting the latest global trends in military logistics as of February 2025. The primary purpose is to evaluate the potential of offset arrangements to enhance ARM's operational capabilities while addressing the constraints of limited defense budgets, a challenge underscored by Macedonia's NATO membership since 2020.
The methodology integrates a comprehensive 2012 study with contemporary data, including a comparative analysis of Macedonia's defense policies (e.g., 2010 Defense Strategy, 2011-2020 Long-Term Plan), EU and NATO frameworks such as the EDA Code of Conduct on Offsets, and case studies from Slovenia, Croatia, Poland, Norway, India, and Canada. Data from 2020-2025, sourced from Transparency International, the European Defence Agency (EDA), and industry reports, enrich the analysis.
Results demonstrate that offset arrangements—classified as direct (e.g., co-production, technology licensing) and indirect (e.g., economic investments, barter) - have evolved into critical tools for military modernization, with a projected global market value of $371 billion for 2021-2025. For instance, India aims for 40% collaborative procurement by 2030, while Canada's 2023 Industrial and Technological Benefits (ITB) policy prioritizes innovation and export growth. In Macedonia's context, offsets could reduce financial burdens, facilitate technology transfers, and revitalize the domestic defense industry, despite persistent challenges. These challenges include the absence of a national legal framework, limited industrial capacity, and corruption risks highlighted in 2024 studies.
The research paper concludes that offsets are indispensable for aligning ARM with NATO's smart defense initiatives, recommending the adoption of a robust legal framework by 2026, establishment of an interagency commission, and leveraging 2025 industry offers from companies like Lockheed Martin and Kongsberg. These steps would ensure economic benefits, technological advancement, and transparency in procurement processes.
**Keywords**: offset arrangements, military logistics, procurement, Army of the Republic of Macedonia, NATO smart defense

# ПРИМЕНА НА OFFSET АРАНЖМАНИ ПРИ НАБАВКА НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА ЗА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Петар Богојески**
Универзитет за мир на Обединетите Нации, Њујорк, САД, petar.bogojeski@unu.edu
pbogojeski@gmail.com

**Резиме:** Овој научен труд ја истражува стратешката примена на offset аранжмани при набавка и модернизација на вооружување и воена опрема за Армијата на Република Македонија (АРМ), одразувајќи ги најновите глобални трендови во воената логистика заклучно со февруари 2025 година. Главната цел е да се процени потенцијалот на offset аранжманите за подобрување на оперативните способности на АРМ, истовремено справувајќи се со ограничувањата на малите одбранбени буџети, предизвик нагласен со членството на Македонија во НАТО од 2020 година.
Методологијата интегрира сеопфатна студија од 2012 година со современи податоци, вклучувајќи компаративна анализа на одбранбените политики на Македонија (на пр., Стратегија за одбрана 2010, Долгорочен план 2011-2020), рамките на ЕУ и НАТО како Кодексот на однесување за offset на EDA и студии на случај од Словенија, Хрватска, Полска, Норвешка, Индија и Канада. Податоците од 2020-2025, собрани од Transparency International, Европската одбранбена агенција (EDA) и индустриски извештаи, ја збогатуваат анализата.
Резултатите покажуваат дека offset аранжманите—класифицирани како директни (на пр., ко-продукција, лиценцирање на технологија) и индиректни (на пр., економски инвестиции, бартер)—еволуирале во клучни

алатки за воена модернизација, со проектирана глобална пазарна вредност од 371 милијарда долари за 2021-2025. На пример, Индија цели кон 40% колаборативна набавка до 2030, додека политиката за индустриски и технолошки придобивки (ITB) на Канада од 2023 година дава приоритет на иновациите и извозниот раст. Во контекст на Македонија, offset-ите можат да ги намалат финансиските оптоварувања, да овозможат трансфер на технологија и да ја оживеат домашната одбранбена индустрија и покрај постојните предизвици. Овие предизвици вклучуваат отсуство на национална правна рамка, ограничен индустриски капацитет и ризици од корупција истакнати во студии од 2024 година.
Трудот заклучува дека offset-ите се неопходни за усогласување на АРМ со иницијативите за паметна одбрана на НАТО, препорачувајќи усвојување на цврста правна рамка до 2026 година, формирање меѓуресорска комисија и искористување на понудите од индустријата од 2025 година од компании како Lockheed Martin и Kongsberg. Овие чекори би обезбедиле економски придобивки, технолошки напредок и транспарентност во процесите на набавка.
**Клучни зборови**: offset аранжмани, воена логистика, набавка, Армија на Република Македонија, НАТО паметна одбрана

## 1. ВОВЕД

Модернизацијата на вооружените сили е императив за Република Македонија, особено по влегувањето во НАТО во 2020 година. Со ограничени буџети, АРМ се соочува со предизвикот да ги исполни стратегиските мисии од Стратегијата за одбрана (2010 / 2018): одбрана на територијалниот интегритет, учество во колективната одбрана на НАТО и придонес во меѓународни операции.
Offset аранжманите, како глобален инструмент, нудат решение за компензација на трошоците преку економски и технолошки придобивки. Според Transparency International (2024), нивната вредност достигнува 371 милијарда долари за 2021-2025, со фокус на трансфер на технологија и регионална соработка, што е особено релевантно за мали земји како Македонија.
Развојот и одржувањето на националните вооружени сили (ВС) претставува голем предизвик за секоја национална влада. Во тој дух континуираното модернизирање на националните вооружени сили претставува императив со цел успешно исполнување на стратегиските одбранбени мисии во поддршка на националната безбедност и интереси.
Во услови на постојано намалување на одбранбените буџети во Европа, националните влади на европските држави (ЕУ) се свртуваат кон примена и на специфични инструменти на опремување и модернизација, вклучително и offset програмите и „паметната одбрана“. Со истите предизвици се соочува и Република Македонија од првите денови како независна држава.
Согласно Стратегијата за одбрана од 2010 и 2018 година за поддршка на националната безбедност, системот за одбрана на Република Македонија мора постојано да биде оспособен за поддршка и исполнување на низа стратегиски мисии, како одбрана и заштита на територијалниот интегритет, учество во колективната одбрана на НАТО, придонес во мисии на ООН, НАТО и ЕУ и заштита на пошироките интереси на Република Македонија.
Во Белата книга на одбраната од 2012 година се истакнува дека за исполнување на стратегиските одбранбени мисии одбранбената политика континуирано е насочена кон развивање на способности за одбрана на земјата преку развој на капацитетите на МО за ефикасно управување со одбранбените ресурси и процеси, доизградба, развој и одржување на воените способности на АРМ, интеграција во политичката и во воената структура на НАТО, вклучување и придонес во Европската безбедносна и одбранбена политика и континуиран придонес во меѓународните операции за поддршка на мирот и безбедноста.
Спроведените одбранбени реформи до денес, помеѓу другото резултираа со значајно поголеми воени способности на Армијата. Тоа постигнување највидливо се рефлектира во значајниот (или големиот) придонес во меѓународните операции предводени од НАТО, ЕУ, ООН и пријателски коалиции (САД).
Водејќи се од целите на Стратегијата за одбрана, за развој на 50% распоредливи воени способности, Министерството за одбрана (Владата и Собранието) се одговорни за натамошен развој и одржување на воените способности на АРМ во услови на лимитирани буџетски услови (или во услови на негативни влијанија од европската економска криза). За таа цел, сите научни капацитети треба да работат на развој на Стратегија за модернизација на одбраната, преку за примена на offset аранжманите за производство и ремонт на вооружување и воена опрема, која е дел од моето авторско работење.
Offset-от е глобален феномен и има значајно влијание врз националните стратегии за опремување и модернизација на вооружените (и безбедносните) сили. Статистиката покажува дека преку 80 држави во светот применуваат различни форми на offset. Според порталот за offset на EDA (European Defence Agency) повеќе земји членки на ЕУ применуваат offset аранжмани и имаат дефинирано специфична политика по тоа

прашање. Исто така, ЕУ како организација својата политика за offset аранжманите ја претстави преку документот „A Code of Conduct on OFFSET“.
Компаративната анализа со примери за имплементација на овој тим на аранжмани во останатите земји низ светот, особено САД и земјите членки на ЕУ, вклучувајќи ги најновите податоци во областа е предизвик на овој труд.

**2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ**
Овој труд се базира на детална анализа од 2012 година за примена на offset аранжмани за АРМ, дополнета со современи податоци до февруари 2025 година. Користени се македонските стратешки документи (Стратегија за одбрана 2010, СОП 2018, ДПРО 2011-2020, ДПРО 2019-2028), политиките на ЕУ (EDA Code of Conduct on Offsets). Дополнително, анализирани се извештаи од EDA (2024), BIS (2022), и понуди од воената индустрија (Lockheed Martin, Kongsberg, 2025).
Методологијата вклучува компаративна анализа и квалитативен преглед на трендовите од 2020-2025, споредба на политиките и практиките за offset меѓу Македонија и земји како Словенија, Хрватска, Полска, Норвешка, Индија и Канада за идентификување на применливи модели и преглед на литературата и извештаите за да се утврдат трендовите во offset аранжманите од 2012 до 2025 година. **Документарна анализа за п**роучување на стратешки и правни документи за да се разберат рамките за имплементација на offset во Македонија и пошироко и с**татистичка синтеза за а**нализа на квантификувани податоци (на пр., вредност на offset договори) од меѓународни извештаи за да се потврдат глобалните трендови**. Студија на случај за д**етално разгледување на искуствата на избрани земји за извлекување на лекции применливи за АРМ.

**3. РЕЗУЛТАТИ**
Постигната е општата цел, да се проучи феноменот (глобалната појава) за примената на offset аранжмани при опремувањето и модернизацијата на националните вооружени сили и да се дадат / идентификуваат препораки за примена на offset аранжмани во опремувањето и модернизацијата на Армијата на Република Македонија. Примена на offset аранжманите е целосно апликативна за производството и ремонтот на вооружување и воена опрема (ВВО) за потребите на АРМ. Тој резултат го констатираме врз база на досегашните научени лекции од набавките и одржувањето на ВВО, искуствата на МЕ, како и искуствата од неколку ЕУ земји кои применуваат offset аранжмани.
Владата на Република Македонија врз база на Долгорочниот план за развој на одбраната (ДПРО 2011-2020 и 2019-2028) има актуелна можност за имплементација на долгорочните развојни цели, помеѓу кои и „Развој, достигнување и воспоставување на поголеми национални стратегиски и оперативни капацитети и способности за достигнување на соодветно ниво на интероперативност, ефикасност, ефективност и флексибилност со НАТО, регионалните и вооружените сили на земјите партнери“.
Досегашните стратегии и планови не беа многу успешни во опремувањето и модернизацијата на Армијата. Науката има обврска да пронаоѓа ефективни стратегии и методи за доизградба, развој и одржување на воените способности на АРМ, односно за соодветно опремување и модернизација на АРМ и во услови на лимитирани фондови за модернизација и неразвиена / слаба домашна одбранбена / наменска индустрија и истите да ги препорача на институциите, надлежни во областа. Во тој контекст првиот чекор беше развој на Стратегија за „паметна одбрана“, а потоа и изработка на Студија за примена на offset аранжмани при набавки на ВВО за АРМ, а денес и овој научен труд.
Искуствата од неколку земји членки на ЕУ говорат дека примената на offset аранжманите дале добри резултати во опремувањето и модернизацијата на нивните вооружени сили (ВС), како и овозможиле други придобивки за националните економии. Трудот вклучува и кус осврт на искуствата од Словенија, Хрватска, Норвешка и Полска. По анализата на искуствата и можностите за примена, трудот дава препораки за можна примена на offset аранжманите за производство и промет на ВВО.
**3.1. Поим и видови на offset аранжмани**
Offset-ите се компензациски механизми при набавка на ВВО, каде продавачот (обично странска компанија) нуди економски или технолошки придобивки на купувачот. Постојат два вида: директни (ко-продукција, лиценци) и индиректни (инвестиции, бартер). Според студијата од 2012, над 80 земји ги применуваат, а во 2025 година, нивниот фокус е на технолошки трансфер (EDA, 2024).
Поимот offset значи „компензација, односно реципроцитет т.е. друга форма на плаќање на средства и услуги кои се предмет на набавка за опремување и модернизација на националните вооружени сили“. Обично, продавачот е странска компанија, а купувачот е влада која што бара продавачот да се согласи да купи

производи и/или услуги од домашните компании и/или да прифати други форми на offset, како што се заедничко производство и да се даде лиценца за производство на опремата или компоненти од истата.

Денес значењето на изразите "offset" или "offset-ни ползи" е исклучително широко и содржи различни техники за реализирање и се се именува со различни имиња и да биде во различни форми, да може да се опише како "спротивен ангажман". Во современата економија тој вклучува: трансфер на технологија, индустриско партнерство, бартерна трговија, регионални ползи, вградување на компоненти произведени од домашни производители, стекнување со лиценци, заедничко производство, заеднички компании, здружување на капитал и многу други форми кои зависат само од специјалистите во offset-ниот бизнис.

Offset аранжманите се дефинираат како специфичен начин на плаќање на стоки, услуги и работи, кои се предмет на договорите за набавка на ВВО. Истите се реализираат преку воспоставување на договорни права и обврски помеѓу две или повеќе страни. Offset аранжманите всушност ја дефинираат обврската на странскиот производител/продавач на ВВО, некој вид на компензација за набавка на ВВО од страна на земјата увозник, да се намалат финансиските импликации на набавувачот во врска со набавката на ВВО.

Преку offset аранжманите најчесто се очекува од владата на земјата производител на ВВО, врз база на склучен договор, да купи производи од домашно потекло од земјата набавувач на ВВО, да изврши одредени услуги или изведе работи во нејзина корист.

Владата на САД offset-от го дефинира како „здолжителна компензација барана од странските влади кога купуваат вооружени системи и услуги" ("mandatory compensations required by foreign governments when purchasing weapon systems and services)."

Современото вооружување е сè поскапо и само малку држави во светот имаат капацитети за истражување, развој, проектирање и производство на современи воздухоплови, оклопни средства и друга воена техника. Поголемиот број држави, особено малите, се принудени да купуваат ВВО од државите производители. Вредноста на воената техника постојано расте, а за купување на истата постојат бројни политички услови и ограничувања. За набавката на ВВО неважат условите на слободниот пазар. На пример, само за опремување на еден среден пешадиски баталјон е неопходна ВВО во вредност од преку 200 милиони евра.

Генерално се познати два вида на offset аранжмани и тоа: **директен и индиректен.**

**Директен** offset е аранжман кога компензацијата која што е понудена на купувачот е во директна врска со почетната трансакција. Директниот се однесува на развојот, производството и одржувањето на вооружените системи што се набавуваат.

**Индиректен** offset аранжман е кога продавачот превзема обврска да купи производи кои не се во директна врска со почетната трансакција. Индиректниот offset се однесува на вложувања и трансфер на технологија, односно реципрочна набавка на стоки и услуги од земјите-купувачи, кои не се поврзани со вооружените системи што се набавуваат.

### 3.2. Политики и искуства во ЕУ и светот

ЕУ го регулира offset-от преку Кодексот на однесување (2009), промовирајќи конкурентен пазар. Словенија го користи за економски развој (Smernice, 2007), Хрватска за технолошки напредок (Naputak, 2008), Полска за безбедносна моќ (1999 закон, ревидиран 2022), а Норвешка за индустриска соработка (2025 податоци). Надвор од ЕУ, Индија цели на 40% колаборативна набавка до 2030 (European Commission, 2024), а Канада ја унапреди ITB политиката во 2023 година за иновации.

Министрите за одбрана на ЕУ на 14 мај 2007 година, усвоиле Стратегија за европска одбранбена технолошко-индустриска база (European Defence Technological and Industrial Base - EDTIB), која ја одразува јасната и недвосмислена цел на земјите членки на Europian defence Agency (EDA) за развивање и одржување на DTIB во Европа, како и тоа дека ќе развијат вистински отворен и конкурентен европски пазар за одбранбената опрема, што претставува гаранција за задоволување на потребите на вооружените сили на земјите-членки (и во времето на конфликт).

Набавките во одбранбениот пазар остануваат поразлични од набавките во комерцијалните пазари и се под силно влијание на политичките фактори кои влијаат на тоа поле. Заради тоа, на 24 октомври 2008 година, Управниот одбор на Европската агенција за одбрана (EDA) го усвои the Code of Conduct on offsets, кој стапил во сила од 1 јули 2009 година и е применлив во сите земјите-членки на EDA. Кодексот не е правно обврзувачки и ја има природата на етички кодекс, но државите што ќе се одлучат да го применуваат ќе бидат обврзани за спроведување на одредбите на EDA. Кодексот се применува за сите видови на практики поврзани со купување на стоки и услуги од секторот на одбраната и заради тоа, земјите членки на EDA се согласија дека ќе развијат правилно отворен и конкурентен европски заедничкиот пазар на опрема за одбраната, како клучна поддршка за европската индустриско - технолошка база на Секторот за одбрана (EDTIB).

Овој Кодекс кој воедно претставува рамка за развој на offset, се дефинира како "Светски феномен, понуден и потребен за различни цели и нема да исчезнува во догледна иднина." Кодексот поставува рамка за развојот на offset-от додека обезбедува вистинска рамнотежа меѓу развивањето на EDTIB и потребата да се постигне ниво на полето на пазарот на европската и глобалната одбрана. Најважните цели на Кодексот се ублажување на штетното дејство на офсет на пазарот со ВВО, добивање на најголема транспарентност при offset трансакциите и зголемување на меѓусебната доверба помеѓу земјите членки преку пренесување на информации со помош на EDA за практиките и политиките за offse преку подобрување на ефикасноста при користење на offset за изградба на Европската технолошко - индустриска база на одбранбениот сектор. Истотака, потребно е да се споменува и тоа дака во политиките на ЕУ се предвидува употребата на offset-от да помогне во развојот на индустриските капацитети кои се конкурентни и способни за управување, секогаш кога е можно да придонесе за развој на длабочината и разновидноста на Европските бази на одбраната со одбранбената база на снабдувачот особено преку поддршка на целосната вклученост на малите и средните претпријатија, како и на подобрување на индустриската соработката и помош при промовирање на ефикасно и одговорно ниво на добавувачи согласно поставените принципите на EDA.

Република Словенија е земја членка на EDA (European Defence Agency) и го има прифатено „A Code of Conduct on OFFSET“. Владата на Словенија за спроведување на политиката за offset има донесено Упатство (Smernice) за offset, во кое се обработени неколку дефиниции, типовите (директни и индиректни), целта и принципите на offset-от, подготовката на програмата, начинот на изведување на програмата (вредноста од колку се применуваат овие аранжмани е 0.5 мил ЕУ и рок), критериуми (коефициентот е бројка со која се множи вредноста на извозената стока во рамките на offset-от и со тоа се одредува висината на исполнетите обврски од програмата), комисија (е меѓуресорска работна група именувана од владата на која се именувани постојани и непостојани членови и други одредби. Карактеристично тоа што работната група за offset, која е назначена од Владата, најмалку еднаш во годината и реферира на Владата за својата работа и околу извршувањето на offset аранжманите.

Република Хрватска има посебен закон - Закон за производство, ремонт и промет со оружје и воена опрема и имаат донесено Упаство (Naputak) за начинот на примена на offset аранжманите. Со нивното Упатство се пропишува начинот и условите за примена на offset програмите при склучување на договори за набавка на ВВО со странски добавувачи, каде се обработени неколку темелни поими (off set програма, спогодба, обврски, вредност, коефициент и др.) со помош на кои се добива една јасна слика за тоа што е предмет на offset-от, тип и вредноста во применувањето на овие аранжмани (од 2 мил ЕУ), критериумите за проценка на offset обврските (коефициентот за истражувачки и развојни проекти коефициентот од 1-2, за трансфер на технологијата од 1-2, за развој на одбранбената индустрија од 1-2, за отваање на нови пазари за извоз на хрватската индустрија од 0,5-1, за обука и образование на стручниот кадар од 0,5-1, за отварање на работни места од 0,5-2 и др.), начинот на потпишување на договорот, составот на комисија и санкции.

Уште од 1999 година offset аранжманите станале важен елемент на политиката за национална безбедност на Полска во сферата на индустријата и економската политика, пред се поради бенефит на вкупната економска моќ на државата, за што постои посебен закон кој ја регулира проблематиката за offset-от од 10 септември 1999 гдина. Со одлука на Владата од 2007 се дефинираат принципите за пресметка на вредноста на аранжманите, а во мај истата година се донесени подзаконски акти од страна на Комисијата (offset agreements committee) кои овозможуваат да секоја институција ги регулира своите потреби базирајќи се на тие законски и подзаконски акти. Националната Комисија е составена од 16 лица. Во законот се регулирани: дефинициите, страните во договорот, времетраењето на аранжманот, вредноста на договорот, доверливоста и распоредот, принципите на одговорност и санкциите.

Индустриската соработката поврзана со набавки во одбраната од странство, а за кои се потребни оф-сет аранжманите, е важен инструмент во спреведувањето на стратегијата за индустриската политика поврзана со аквизизацијата на ВС на Кралството Норвешка. Карактеристика за оваа земја е тоа што иако цената, перформансите како и времето на испорака се основните критериуми при оценувањето на понудите, Министерството за одбрана на Норвешка истотака најмногу ја цени проценката на досегашната ефикасност на потенцијалните добавувачи. Друга карактеристика е тоа што МО има целосна одговорност за воспоставување и надзор на индустриска соработка во врска со купувањата од странство. Врз основа на барањата на норвешките вооружените сили, а во консултација со норвешката индустрија, МО на Норвешка идентификува осум области во кои е можна примена на offset аранжманите: информатичка и комуникациска технологија, системска интеграција и архитектура, ракетната технологија и автономни оружје и сензор системи, подводна технологија и сензори, симулациска технологија, оружје и ракетна погонска технологија, муниција и воени експлозиви, технологија која се однесува на материјали-суровини и поморска технологија. Прагот за реализирање на offset е 5,618 мил. евра, а период на реализација на овие аранжмани е најмногу 10

години, со следниве фактори: проекти кои се однесуваат на соработката во сферата на технологијата 1,0 - 5,0; проекти за помош во развојот на пазарот и пристап на пазарот 0,1 - 2,0; проекти во врска со истражување и развој 1,0 - 5,0; проекти за набавка на производи 1,0; проекти кои се однесуваат на трансфер на технологија 1,0 - 2,5; проекти кои се однесуваат на инвестиции 1,0 - 5,0. Се разбира во offset програмите е предвидено и начинот на избор, мониторинг на склучената зделка, санкции и гаранции.

**3.3. Современи трендови (2020-2025)**

BIS (2022) проценува дека САД учествуваат со 36,5-52,4 милијарди долари во offset договори за 2021-2022. Во 2025, фирми како Lockheed Martin нудат ко-продукција за мали земји, додека Kongsberg промовира регионални проекти. Зголемените одбранбени буџети во Европа (IISS, 2025) го поттикнуваат овој тренд. Offset аранжманите повеќе се применувани од страна на развиените земји, нешто помалку земјите во развој, додека кај земјите во транзиција offset аранжманите во пракса ретко се во примена. Во поново време земјите во развој се почесто се свртуваат кон применување на offset аранжманите со фокус на трансфер на технологијата како средство за понатамошен развој на воената индустрија.

Земјите членки на ЕУ согласно членот 346(1),(а) од TFEU (Treaty for Functioning European Union), 2009/81/EC, одржувале offset политики кои барале компензација од ненационални добавувачи кога набавувале одбранбена опрема од странство. Во овие земји членки, договорните земји биле генерално задолжени да побаруваат компензација за набавки над определена вредност. Таквите offset побарувања биле рестриктивни мерки кои оделе спорти основните принципи на Договорот и го попречувале слободното движење на стоки и услуги. Европската Одбранбена Агенција и нејзините земји членки разјасниле дека модусот на однесување за offset може да биде применет само на offset кои се оправдани на база на Членот 346 и дека е потребно да се креира вистински европски пазар за одбранбена опрема.

**4. ДИСКУСИЈА**

Овој дел ги разгледува можностите и предизвиците за примена на offset аранжманите во опремувањето и модернизацијата на Армијата на Република Македонија (АРМ), ставајќи посебен акцент на светската пракса во последните години. Во глобален контекст, примената на offset аранжмани забележа значителен развој, особено од 2020 до 2025 година, со земји како Индија и Канада кои ги усовршија своите политики за да обезбедат технолошки трансфер и економски придобивки преку набавки на вооружување и воена опрема (ВВО).

САД често користат offset аранжмани за да ги поддржат своите одбранбени компании, како Lockheed Martin, кои во 2025 година нудат ко-продукција на системи како F-35 за НАТО сојузници, со што се обезбедуваат работни места и технологија во земјите купувачи. Велика Британија, пак, во последните години ги интегрира offset-ите во договорите за набавка на опрема како бродови од типот 26, промовирајќи економски раст преку локално производство. Скандинавските земји, особено Норвешка, ги користат offset-ите за да ја зајакнат својата одбранбена индустрија, пример со договорите со Kongsberg во 2025 година за системи за воздушна одбрана, каде се вклучени локални компании во производство. Овие примери ја покажуваат растечката важност на offset-ите во рамките на НАТО за подобрување на интероперабилноста и економската ефикасност.

**Можности за примена во Македонија**

Студијата 2012 идентификува проекти за модернизација на АРМ (радари, хеликоптери, оклопни возила), каде offset-ите можат да намалат трошоци и да ја зајакнат наменската индустрија. Во 2025, понудите од индустријата и НАТО Smart Defence иницијативите нудат можности за регионална соработка.

Во текот на повеќе од 30 години независна Република Македонија не можат да се најдат примери за примена на offset аранжмани при набавки на ВВО за Армијата. Сеуште не е донесена правна национална регулатива, нити пак се покренати процеси за практична примена на истите. Министерството за економија по прв пат во 2012 година иницира процес на разгледување на прашањето за offset. Министерството за одбрана иницира процес на изработка на Студија за примена на offset аранжмани при набавка на воена опрема и вооружување. Во досегашните поголеми набавки на сложени и скапи воружени системи биле извршени без примена на offset аранжмани. Истата пракса е забележана и при последните набавки на најсовремени воени системи и опрема од Република Франција и Република Италија, но за жал и од САД, кои нудат ваков тип на аранжмани. Искуствата од другите држави говорат дека offset аранжманите се остварливи само во услови на мобилизација на сите капацитети на државните институции во соработка со Стопанските комори и компаниите и треба да понуди македонски производи и услуги кои можат да бидат вклучени во идните offset аранжмани со придобивки како: намалување на финансиските импликации по буџетот на државата поради исплата на набавената ВВО со домашни производи и услуги, зголемување на нивото на опременост на вооружените сили со современо вооружување и воена опрема, развој на домашната индустрија, пристап и

увоз на напредна технологија како предуслов за технолошки развој на државата, зголемување на конкурентноста и проширување на пазарот, нови работни места во домашната економија и воспоставување на лиценцирано производство преку заеднички вложувања.

Реализацијата на offset аранжманите е условена од повеќе фактори, како што се: потребите од набавка на сложени системи на ВВО со значителна/голема вредност, донесување на домашна правна (законска и подзаконска) регулатива која ќе овозможи нивна примена, дефинирање на технички и финансиски параметри како предуслови за активирање на механизмите на offset аранжманите и подготвеност на домашното стопанство да понуди производи за извоз или да прифати инвестиција за развој на нови капацитети и технологии.

Покрај бројните аргументи кои одат во прилог на примената на offset аранжмани при набавка на ВВО за АРМ, има и против аргументите кои предупредуваат на низа ризици: донесување на несоодветна законска регулатива, несоодветни offset програми, кои може да предизвикаат проблеми за реализација на offset договорите, несоодветна временска рамка за подготовка на offset пакетите, недефинирани и нејасни барања за пристапување кон offset аранжмани, преголеми очекувања од преговорите од offset договорите, неадекватни надзорни механизми пред и после потпишување на offset договорите, несоодветни казнени одредби во случај на задоцнето исполнување на договорените обврски, недоволна транспарентност во процесот на склучување на offset договорите, нарушување на тајноста на класифицираните информации при постапката за спроведување на offset аранжманите или пак нивна превисока безбедносна класификација. Од аспект на одбраната може да се генерализира дека примената на offset аранжманите може да помогне за забрзана динамика во опремување и модернизација на АРМ во согласност со ДПРО 2011-2020 и ДПРО 2019-2028.

Исто така, треба да се води сметка при склучување на договорите секогаш да се испита можноста со offset аранжманите да се внесе висока технологија во Република Македонија и при идното наше учество во Smart Defence проекти, да се разгледа можноста за заедничко користење на offset аранжмани со други земји од регионот. Да се согледаат можностите за кредитирање и стимулирање на потенцијалните субјекти за извоз на производи и услуги за реализација на конкретни offset аранжмани, а првиот чекор кон примената на offset аранжмани во Република Македонија е донесувањето на потребната законска и подзаконска регулатива. По донесување на законското решение, институциите кои имаат надлежности за одбраната и безбедноста треба да ги дефинираат своите потреби за набавка на ВВО во подолг временски период. МО и МВР треба да подготват детален преглед на видот и количините на потребното ВВО со предлози до Владата за примена на offset аранжмани. Паралелно во рамките на Министерството за одбрана (МО) и Министерството за економија (МЕ) би требало да се задолжат определени организациски единици да ги следат актуелните решенија во оваа област, развијат капацитети за стручна и административна поддршка на владиното тело кое ќе биде носител на подготовка и имплементација на идни offset аранжмани, и предлагаат можни offset аранжмани како и начини на нивна реализација.

**Предизвици и ризици**

Недостигот на законска рамка, корупциските ризици (Transparency International, 2024) и слабата одбранбена индустрија се главни пречки. Република Македонија на патот на воспоставување на политиката за примена на offset аранжманите, мора да донесе заклучоци кои се однесуваат на донесување на потребната законска регулатива, со цел успешно спроведување на предметната намера. Постојат две опции за реализирање на истото, преку измени и дополни или со нов предлог на Закон за производство, ремонт и промет на ВВО. Примената на offset аранжманите во ЕУ државите најчесто е регулирана со законски и подзаконски акти, кои ние ги немаме во сила. Согледувајќи ги сите факти и аргументи, искуства како и мислења, сметам дека новиот предлог закон за ВВО ќе има свои предности пред се поради тоа што дава можност за исполнување на нашите потреби и тоа во пократок временски период. Исто дава можност да со подзаконски акти (правилници), секое министерство посебно ги регулира своите потреби.

Предност на таквиот приод е што при реализација на некој offset аранжман, веќе нема да се повикаме на неколку закони туку само на еден закон. Слаба страна на донесување на посебен нов закон е потребата од подолго време на негово донесување, неговата комплексност при донесување на истиот и посложена процедура за негова евентуална потреба за измена.

Огромен предизвик е обнова и унапредување на македонската одбранбено-наменска индустрија, која како дел од комплексот на ЈНА, до 1990 година имаше 19 фабрики. Денес за Република Македонија еден од нејзините најважни приоритети е да се грижи за економскот развој и подобрување на економската состојба која во моментов е во лоша состојба, која состојба е одраз на општата состојба на економијата и во поширокото опкружување. Наменската индустрија во Република Македонија денес е во лоша состојба веќе подолг временски период поради неколку причини, а една од нив е и специфичниот карактер бидејќи

нејзините производи не се од општ карактер, туку за точно дефинирани купци со ограничени потенцијали, каде владеат многу ригорозни законски регулативи од домашен и светски карактер и од таа причина наменската индустрија на Македонија трпи уште поголеми последици.
Трговските друштва (претпријатија) кои произведуваат средства на ВВО и даваат услуги за потребите на МО/АРМ, МВР и за поширокиот пазар денес произведуваат во многу мали количини. Со цел постигнување на посакуваното ниво на развивање на наменската индустрија, Министерството за одбрана споделувајќи ги искуствата и знаењата со членките на Сојузот на стопански комори на Македонија за природата на НАТО пазарот и набавките во одбранбените пазари преку проекти (програми) треба да ја зголемат информираноста и можностите за функционирањето на нашата наменска индустрија. Со години, децении наназад наменските капацитети во Македонија беа и сеуште се претежно ориентирани на скромниот домашен пазар (војска и полиција). Недоволната искористеност на производните капацитети, застарената технологија и преврабoтеноста, придонесоа тие да бидат непрофитабилни и да западнат во тешки економски состојби.

**5. ЗАКЛУЧОЦИ**

Offset аранжманите се клучни за модернизација на АРМ во 2025 година. Македонија треба да донесе закон до 2026, да формира комисија и да ги искористи понудите од индустријата, обезбедувајќи усогласеност со НАТО и економски придобивки. Прашањето за примената на offset аранжманите при набавка и ремонт на ВВО е комплексна материја и вклучува повеќе важни прашања и субјекти (институции и компании). Во овој труд анализирани се можностите за примената на offset аранжманите при набавка на ВВО за АРМ од неколку аспекти: потреби за опремување и модернизација на АРМ, законска регулатива, капацитети на одбранбената индустрија на Македонија, како и институционалните капацитети за спроведување на политиката за offset. Исто така, беа проучувани политиката и искуствата на неколку држави членки на ЕУ и САД. Од аспект на анализа на капацитетите на стопанските организации – потенцијални кандидати за производитство и ремонт на ВВО, за жал констатирани се ниски можности.
Истакната е потребата од креирање на националната политика за offset и нејзино конзистетно спроведување од страна на Владата. Индустриската соработка поврзана со набавките на ВВО мора да придонесува во развојот на конкуретна одбранбена / наменска индустрија на Република Македонија во области кои се важни за натамошниот развој на АРМ. Донесување на законска регулатива и формирање на меѓуресорско тело (комисија) за реализација на offset аранжмани, преку определување на организациски единици во Министерството за одбрана и Министерството за еконимија кои ќе бидат надлежни за стручна и административна поддршка на работата на меѓуресорското тело. Со ова би се обезбедил континуитет во подготовките и следењето на offset аранжманите, идентификација на соодветни решенија во Република Македонија и светот и унапредување на идните offset аранжмани. Донесување на евентуални подзаконски акти во секој ресор одделно за подготовка на offset Програми и донесување на генерална offset Програма. Активен придонес на Стопанските комори во сите активности. Започнување на постапки за доделување на Договори за набавка на ВВО и доделување на offset Спогодби.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Bogojevski, P. (2012). *Study on the application of offset arrangements for ARM*. Unpublished manuscript.
European Commission. (2024). *Defence Procurement Trends in the EU*.
European Defence Agency. (2024). *Offsets Portal*. www.eda.europa.eu
IISS. (2025). *The Military Balance 2025*.
Ministry of Defence of RM. (2010). *Defence Strategy of the Republic of Macedonia*.
Ministry of Defence of RM. (2011). *Long-Term Defence Development Plan 2011-2020*.
Ministry of Defence of RM. (2018). *Strategic Defence Review 2018*.
Ministry of Defence of RM. (2019). *Long-Term Defence Development Plan 2019-2028*.
Smernice za protidobave. (2007). Ministry of Defence of Slovenia. www.mo.gov.si
Transparency International. (2024). *Blissfully Blind: Corruption Risks in Defence Offsets*.
U.S. Bureau of Industry and Security. (2022). *26th Annual Report on Defense Offsets*.
McKinsey & Company. (2023). *Defense Offsets: From Burden to Competitive Weapon*.
OFFSETS PORTAL – European Defence Agency; www.eda.europa.eu/offset
A Code of conduct on off sets agreed by the EU member states participating in the Europian defence agency, version approved on 3 MAY 2011, http://www.eda.europa.eu/offsets/
Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, октомври 2012 година

Ѓуровски, М. (2009). Влијанието на евроатланските интеграции врз економијата на Република Македонија,, магистерски труд, УКИМ-Скопје, 2009 год.
ппк. Сашо Мешков, offset, необјавен материјал
NAPUTAK O NACINU I UVJETIMA PRIMJENE OFFSET PROGRAME – официјален документ на Хрватска, http://www.morh.hr/
OFF SET VADEMECUM на Полска – Варшава, 2009 година, http://www.mg.gov.pl/files/upload/11537/vad_off_E